KLJUČ
CENTER ZA BOJ PROTI TRGOVANJU Z LJUDMI

UNHCR
The UN Refugee Agency

# ЗАМКИ ВО ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ - МОЖЕТЕ И ВИЕ ДА СЕ ФАТИТЕ ВО НИВ

# НЕ ВЕРУВАТЕ?

Проектот за изработка и дистрибуција на информативните материјали е финансиран од УНХЦР.
Подготовка на содржина: Друштво Кључ - Центар за борба против трговијата со луѓе, СЛОВЕНИЈА

**Заминавте од дома за да најдете подобра иднина за себе и за вашите најблиски во странство, за да си обезбедите безбедност и нов дом. Запознавте маж кој е подготвен да ви „помогне“. Ви соопштува дека ќе ви обезбеди виза и пасош. Бесплатно! Познава личност која ќе ве однесе преку граница и уште некој кој ќе ве чека од другата страна. Ви наредува да молчите доколку нешто тргне наопаку на граничниот премин или ако случајно ве стопира полицијата. Веројатно и ќе треба да преспиете некаде. Каде, не знаете? Ви вели дека ќе работите за неговиот пријател и дека ќе бидете платени праведно. Дали можеби мисли на работа во локал? Во салон за масажа? Во стан или работилница? На градилиште? На фарма? Дали е тоа улична работа каде што би проселе, би свиреле на инструмент или па би морале да си го продавате телото? Веројатно ви кажал дека иако можеби не разбирате словенечки, италијански, англиски, германски, тоа не претставува проблем бидејќи брзо ќе го научите јазикот. Можеби дури и да ве запознае со иден сопруг или сопруга.**

ДАЛИ НЕКОЈ ВЕ ИЗНУДУВА, ВИ СЕ ЗАКАНУВА?

ДАЛИ ДОЛЖИТЕ ПАРИ ЗА ПАТУВАЊЕ ВО ЕВРОПА?

ДАЛИ НАВИСТИНА ГО ПОЗНАВАТЕ ЛИЦЕТО КАЈ КОГО ПАТУВАТЕ?

КАКО ЗНАЕТЕ ДЕКА МОЖЕТЕ ДА МУ/И ВЕРУВАТЕ?

ДАЛИ ИМА МНОГУ ПАРИ, ПРИЈАТЕЛИ И ДОБАР АВТОМОБИЛ? ОД КАДЕ СЕ ПАРИТЕ, КОИ СЕ ПРИЈАТЕЛИТЕ?

ДАЛИ МОЖЕТЕ ЦЕЛО ВРЕМЕ ДА ГИ ИМАТЕ ВАШИТЕ ДОКУМЕНТИ КАЈ ВАС?

ДАЛИ МОЖЕТЕ ДА ЗБОРУВАТЕ НА ТЕЛЕФОН ИЛИ СЕКОГАШ МОРА ДА БАРАТЕ ДОЗВОЛА?

ДАЛИ СÈ Е ТАКА КАКО ШТО СЕ ДОГОВОРИВТЕ?

ДАЛИ ВЕЌЕ ЗНАЕТЕ КОЈ ЌЕ Е ВАШИОТ РАБОТОДАВЕЦ И КОЛКУ ЌЕ ЗАРАБОТУВАТЕ?

ШТО Е СО ДОГОВОРОТ ЗА РАБОТА? ДАЛИ ИМАТЕ ПРАВО НА ОДМОР, БОЛЕДУВАЊЕ, И МАКСИМУМ 8 ЧАСОВЕН РАБОТЕН ДЕН?

ДАЛИ ИМАТЕ ПРАВО НА ИЗБОР И ПРАВО ДА КАЖЕТЕ „НЕ"?

ДАЛИ МОЖЕТЕ ДА СЕ ПРЕМИСЛИТЕ И ВЕДНАШ ДА СИ ЗАМИНЕТЕ?

**“ ПОБАРАЈТЕ ГИ ОДГОВОРИТЕ НА ОВИЕ ПРАШАЊА ПРЕД ДА ЗАМИНЕТЕ! ”**

Трговијата со луѓе е незаконско располагање со луѓе како да се предмети. Трговијата со луѓе е сериозно кривично дело во Словенија и во Европа.

Форми на експлоатација: експлоатација на проституција или други форми на сексуална злоупотреба, принудна работа, ропство, слугување, питачење, принуда кон извршување на кривични дела, принуден брак или воспоставување на слична заедница и трговија со органи, човечки ткива или крв.

Трговците со луѓе се физички, психолошки, економски и сексуално насилни. Тие користат измама, емоционална манипулација, изнуда и ја искористуваат вашата ранлива позиција затоа што ви е потребна помош или ви нудат пари и бенефиции за да ја добијат вашата согласност за експлоатирање.

АКО ДОСЕГА СТЕ СЕ НАШЛЕ ВО ТАКВА СИТУАЦИЈА, ТОА НЕ Е ВАША ОДГОВОРНОСТ!

СОБЕРЕТЕ ХРАБРОСТ И ПОБАРАЈТЕ ПОМОШ!



# МЕРКИ ЗА САМОЗШТИТА

**ПАТУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО:** Барем некому кажете кога, каде и со кого патувате. Секогаш со себе имајте мобилен телефон, во кој можете да ги сочувате телефонските броеви на амбасадата на вашата земја, полицијата и на организациите кои нудат помош. Уште побезбедно е да ги запаметите споменатите броеви. Не ги давајте своите лични документи никому! Многу е корисно да направите неколку фотокопии од важни документи и да ги ставите во различни делови од облеката и исто така да имате фотографија од документот која ќе биде зачувана во „облакот“ или на е-пошта.

**РАБОТА ВО СТРАНСТВО:** Многу е важно кој е вашиот извор на информации за можно вработување во странство. Истражете за работодавецот и видете дали има информации на интернет. Пред да започнете со работата, секогаш договорете ги условите за работа и побарајте склучување на договор, кој потоа треба да биде прегледан од стручно лице - можете да се јавите и во Друштвото Клуч.

**СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ:** Бидете свесни дека некои луѓе кои ги среќавате на социјалните мрежи пишуваат и невистини поради анонимноста што ја нуди овој вид на комуникација. Во случај да договарате директна средба со соговорник, бидете многу внимателни.

**ВЉУБЕНОСТ:** Во целиот свет и во Словенија има заводници (loverboys) кои се клучни во криминалната мрежа, бидејќи заведуваат девојки и жени за подоцна да ги предадат на трговците со луѓе. Размислете за тоа од каде му се на мажот толку пари, познанства во странство, иако можеби не оди на работа или само повремено работи. Заводникот е пријателски настроен, купува подароци, кани на патувања и шопинг во странство, сè додека девојката не се врзе емотивно со него и целосно не му верува. Ова е одлична можност за него да ја однесе било каде и да ја продаде.

Исто така, бидете внимателни кога влегувате во романтични врски. Понекогаш, во замена за сигурност, покрив над глава и други добра неопходни за опстанок, луѓето бараат да стапите во романтична врска со нив, каде односот помеѓу силите не е еднаков. Многупати таквиот брак може да заврши со изнудување, физичко, психичко, сексуално и економско насилство. Внимавајте со кого влегувате во интимна/романтична врска, одвојте време добро да ја запознаете личноста и не донесувајте непромислени одлуки поради тешката ситуација во која се наоѓате – наместо тоа, контактирајте со една од организациите за помош на бегалците во земјата во која се наоѓате.

# ВИ ТРЕБА ПОМОШ?

Друштвото Кључ е единствената специјализирана невладина организација во Словенија која работи на полето за борба против трговија со луѓе. Нудиме конкретни, бесплатни форми на помош за лица со искуство во трговија со луѓе, како на странци кои се изложени на сексуална или друг вид на експлоатација во Словенија, така и на словенечки граѓани кои се жртви во самата земја или во странство.



**Форми на помош:**
**- телефонска консултација,**
**- лично советување,**
**- психосоцијална помош,**
**- основна правна помош,**
**- застапување,**
**- информирање,**
**- помош при повлекување од заканувачка ситуација,**
**- помош при воспоставување контакти со органите за откривање и спроведување на законот,**
**- помош при добивање дозволи за престој во Република Словенија,**
**- сместување на безбедно место,**
**- вклучување во програмата за (ре)интеграција,**
**- помош при организирање на враќање во земјата на потекло.**

Доколку ве експлоатираат во друга држава во Европската унија, можете да го контактирате Црвениот крст, кој работи во повеќето земји на ЕУ, други хуманитарни организации или да ја известите полицијата.

www.drustvo-kljuc.si
info@drustvo-kljuc.si
Društvo Ključ
drustvokljuc
+386 80 17 22
(секој работен ден од 9:00 до 13:00 часот)

Летокот е создаден со поддршка на УНХЦР. Содржината е одговорност на Здружението Кључ и не го одразува ставот на УНХЦР.